**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Сто и првата седница**
**на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 12 февруари 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1 со почеток во 11,45 часот.

Седница ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме известување од министерот за внатрешни работи кое ви е поделено дека заради службени обврски не е во состојба денеска да учествува во работата на Собранието. Друг претставник не се најавува.

Имаме информација која не се третира амандмански. Сметам дека отсуството не е од таква содржина за да неможе да работи Собранието.

Дали ќе продолжиме, или не, ќе треба да одлучиме со гласање.

Меѓутоа, за едно такво гласање немаме доволен број на присутни пратеници. Ќе остане да продолжиме вака, ако не се јавува никој.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Вие сега зборувате вон од седницата, или како составен дел на седницата? Незнам дали е отворена седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Седницата е отворена.

Ова е известување. Пратениците имаат можност да говорат за нешто што не може никој да ви се противи. Одлучувате дали ќе говорите, или не.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г. потпретседателе неможете да се однесувате така, да импровизирате со деловникот. Прво, незнаеме дали ја отворивте седницата. Претставник на Владата мора да има кога расправа Парламентот, бидејќи се работи за информација на Владата, за појаснување, дообјаснување. Ние зборуваме за насилство од страна на државните органи на Владата и мора да има претставник. Неможеме да зборуваме на местото на кое треба да стои претставникот. Ве молам, немојте, Деловникот е многу јасен, немојте да го импровизирате Деловникот и да давате произволни толкувања. Дури викате дека ќе одлучиме со гласање. Немате кворум за одлучување. Затоа е најдобро да повикате претставник од Владата. Преседан е во Парламентот претставникот на Владата, министерот за внатрешни работи ни пушта некое писмо со кое објаснува. Точно, тој може да е службено отсутен, но досега во овој Парламент немало такво писмо. Се знае Деловникот, до колку претставникот кој е определен е службено зафатен, има поважни државни работи, во Парламентот доаѓа претставникот кој е согласно законот за Влада. Ние донесовме и Закон за Влада и многу е јасно кој може да го претставува. Затоа, ве молам согласно Законот за Влада постапете, стапете во контакт со Владата, кога ќе дојде претставник да продожиме легално и легитимно, бидејќи во овој Парламент баш за тоа расправаме. Расправаме за тоа како се однесува самиот Парламент при одлучување, при гласање, донесување на закони со кворум, без кворум и вие ништо г-дине потпретседателе не извлекувате поука. Оваа расправа и заклучоците кои ги предложивме за тоа да спречиме, да укажеме и да не продолжи така како што се однесува дел од државните органи, дел од Владата што е докажано овде. Не би сакал да навлегувам во материјална расправа, но ви кажувам дека го кршите Законот за Влада и Деловникот на Собранието на РМ. Незнам зошто така постапувате, дали намерно тоа го правите, или иритирате, бидејќи тоа го укажувавме и нашиот координатор и сите наши членови укажуваа на тој дел на нашево работење. Највисок законодавен дом е овој дом и не смееме ние да даваме повод и причини за сомнеж во актите кои ги донесува. Ќе дојдат заклучоците, не е. само расправата, а по заклучоците треба да се произнесете. И затоа ве молам да постапите согласно Законот за Влада, а во никој случај не може да одлучува Парламентот, дали треба да има претставник, или не. Со надгласување можете тоа да го направите, но пак правите преседан согласно Законот за Влада.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Процедурално. Г. потпретседателе се јавувам да интервенирам процедурално.

Би сакал од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како и од името на граѓаните на Град Прилеп овде јавно да го повика Г. Бранко Црвенковски, лидерот на СДСМ да се извини на граѓаните на Прилеп од името на оваа говорница затоа што на

трибината која ја одржа во Прилеп безбедносните сили на РМ ги нарече со поимот: "животинско царство". Мислам дека тоа е голема навреда и за сите оние граѓани на РМ кои се во безбедносните сили, а кои се на браникот на одбраната на Републиката и мислам дека тоа е најмалку што може да го направи Г. Црвенковски.

Г. потпретседателе со оглед што Г. Бранко Црвенковски не е овде во салата, јас ќе побарам еден час пауза за да може Г. Бранко Црвенковски да дојде во салата, да се искористи можноста да се извини пред граѓаните на Град Прилеп, па и на цела Република. Од друга страна и вие да ја искористите процедуралната забелешка од Александар Гештаковски. Така што доколку Г. Бранко Црвенковски не дојде и не се извини од говорницата, јас еве, јавно ќе ги повикам граѓаните да ги бојкотираат неговите трибини, затоа што скоро сите имаат по некое дете, некој син кој е на браникот на одбраната на Републиката, а е во составот на безбедносните сили. Мислам дека никој не заслужува да биде нарекуван со поимот "животинско царство".

Барам пауза од еден час додена не дојде Г. Бранко Црвенковски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барањето за пауза го прифаќам.

Ќе продолжиме со работа во 13,00 часот.

( Седницата прекина во 11,55 часот.)

(по паузата седницата продолжи во 13,30 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имавме еден прекин на седницата по барање и приговор на пратениците на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, првите да се обезбеди претставник на Владата по дадената Информација. А вториот по барање за извинување на Г. Бранко Црвенковски за искажани зборови на јавен настап во Прилеп.

Првиот дел што беше, ние побаравме од Владата, но тие не се во состојба во овој момент да ни обезбедат замена на местото на министерот за внатрешни работи од причина што Владата има седница.

Вториот дел, остана процедурална работа. Ќе ве известам само едно дека за отсуство даде оправдување само Г. Амди Бајрам и неговото отсуство е оправдано. Другите дали се оправдани, или не, не знаеме, меѓутоа штом ги нема значи дека се неоправдано отсутни.

Има збор Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Г. потпретседателе, колеги пратеници,

Јас на почетокот на оваа седница го повикав г-динот Бранко Црвенковски да дојде и да се извини пред Македонската јавност особено пред граѓаните на Град Прилеп. Со оглед на тоа што г-динот Бранко Црвенковски не е присутен во салата ќе го кажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Колеги пратеници, ние нема да учествуваме во расправа на оваа седница се додека г-динот Бранко Црвенковски не дојде и се додека од оваа говорница не се извини пред македонската јавност, особено пред граѓаните на Прилеп со тоа што нашите безбедносни сили и нашите синови кои ја бранат државата безмилосно ги нарекува со поим "животни од жувотинското царство". Јас мислам дека тоа е голема навреда. Само да ги потсетам колегите пратеници, само Прилеп има 10 жртви од безбедносните сили кои искрено да кажам незнам и зошто го положија животот за нивните семејства и за сите граѓани во Прилеп кои беа згрозени со тој настан, мислам дека е голема навреда некој да ги нарекува "животни‟. Од тие причини ние прифативме да расправаме на оваа расправа, иако бевме нарекувани фашисти и терористи, ние учествувавме во расправата. Меѓутоа, сметам дека оваа навреда е многу голема и ако ништо друго во најмала рака најмалку што може да направи г-динот Црвенковски е да се извини од оваа говорница.

Од тие причини г-дине потпретседателе ние ќе ја напуштиме седницата и нема да учествуваме во расправата се додека г-динот Црвенковски не се извини.

Ве молам, каков е тој јавен собир за кој овде министерот изјавил дека во Македонија секој е безбеден. А делови од лавовите, значи не сите лавови, во цивил од Битола, од Прилепската околија, некои од Прилеп поскоци дојдоа и упатуваа погрдни зборови и сакаа да го спречат јавниот настап легално пријавен. А за тоа време од полицијата дојдоа само тројца, четворица полицајци на собир кој имаше во салата 1000 души, пред салата 2000 души, каде што беше исклучено озвучувањето надвор за да не слушаат граѓантие од исти присутни припадници на лавови, поскоци и кои се други незнам. Во Прилеп незнам кои се имиња ги користите. И граѓаните прашуваат дали овие луѓе ќе ги користи власта за да

оневозможи демократски избори во РМ. Одговорот беше на Црвенковски дека, колку да собере такви, тие нема да го спречат поразот на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е целата вистина, а не она што беше дадено на МТВ едно парче, ниту беше дадена атмосферата, ниту прашањето, ниту одговорот на поставеното прашање.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Колеги пратеници, јас не го повикав г-динот Лазар Китановски кој даде објаснување. Јас го повикав г-динот Бранко Црвенковски да се извини, со оглед на тоа што тој ја даде таа изјава што ја даде. Инаку мора да расчистиме една работа. Лавовите и тигрите г-до се дел од регуларниот состав на полицијата. Тие да се поистоветуваат со животинско царство тоа е сосема друга работа. Ако вие така гледате, тоа е друго прашање. Никаде нема поскоци во регуларен состав. Според тоа не станува збор за поскоци и не треба да се извртуваат работите. Впрочем да се присуствува на една трибина, таму немаше ниту лавови, ниту тигри, имаше цивили кои присуствуваа, а демократско право е на секој дали ќе аплаудира, или ќе свири. Според тоа, да се употребат зборови како што се употребија, јас мислам дека тоа е навреда. И од тие причини го повикувам лично г-динот Бранко Црвенковски да се извини.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Г-да пратеници, самите тие штом влезе претседателот на СДСМ почнаа да викаат: ние сме лавови, лавови, лавови. Што друго да ви кажам Самите тие викаа дека: ние сме лавови. Викаа лавови во цивил со оружје.

Дали полицијата провери кој е внатре влезен со оружје што мора да го направи по закон. Тоа е проблемот. Не беа тие припадници во смисла на формација на безбедносните сили, туку со оружјето кое им е доделено на актуелен настан на демократски собир дојдоа со службено оружје кое го добиле од Министерството. Како тоа да го толкуваме, освен притисок. Кога некој член на СДСМ, или симпатизер дошол на ваш собир и да упатува погрдни зборови. Така ли вие ја сваќате демократијата? Нека си одржи г-динот Георгиевски собир во Прилеп, никој нема да дојде од СДСМ да го исфирка и да употребува погрдни зборови. Тоа никогаш не било забележано во овие 10 години. Не ми е јасно кога Бранко доаѓа во Прилеп, доаѓаат граѓани и тој кажува што мисли да каже. Кажете и вие другиот ден ако сакате. Зошто некоја паника не ми е јасно. Демократијата е таква, некогаш добива избори, некогаш губиш избори. Ние во 1998 год, изгубивме, ги предадовме најкултурно. Немојте, ова не е добро за Македонија да се употребуваат припадници кои се на вооружените сили да доаѓаат на цивилни собири во цивил со оружје кое го добиле од Министерството и да упатуваат погрдни зборови на еден шеф на опозиција.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очигледно дека оваа седница од почетокот прими еден таков тек. Јас ќе кажам за жал, додека ние се колваме, некој се сити. Да се бара алиби однапред за некој пораз и да се говори дека ВМРО-ДПМНЕ ќе употреби сила, мислам дека воопшто не држи, освен ако некој од вашите редови не е видовит па ќе ги знае настаните кои ќе следуваат. Мора да имате во предвид дека прво, светот и Европа таква работа нема да дозволи, а нас ни е повеќе од јасно тоа. И во краен случај таквите методи на ВМРО-ДПМНЕ не му се баш својствени и претпоставувам дека овие избори ќе бидат опсервирани не само од Европа и од светот. Така што да се вадите однапред дека ВМРО-ДПМНЕ со помош на лавови, тигри и сеуште незнам кои, а како што Бранко ги нарекува и други од животинското царство, јас тоа успеав да го слушнам, колку тоа држи вода, или не.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Продолжение)

Претпоставувам дека реакциите на одредени кругови од македонската јавност не е попуста, значи алиби за некои евентуални порази воопшто не држи и обвинувањето дека ќе се служиме со сила. Тоа е првата работа.

Второ, никој нормален на прагот на 21-от век нема да прифати избори добиени по пат на сила. Тоа ни е јасно и на нас и на вас.

Уште една работа ВМРО-ДПМНЕ нема намера по пат на сила да ја задржи власта. Како што вие ја предадовте, доколку победите на следните избори, ќе ја предадеме и ние.

Јас како Флоровски апсолутно нема да учествувам во такви дејанија доколку легитимно победите нешто да задржуваме по пат на сила. Значи, расчиствме еднаш за секогаш дека ВМРО-ДПМНЕ ништо нема да задржува по пат на

сила доколку регуларно ги изгуби изборите. Впрочем животот е таков некогаш си на врвот некогаш си долу, амплитудата постојано се менува и ништо страшно не гледам во тоа доколку ние ги изгубиме изборите. Но, прашање е дали ние изборите ќе ги изгубиме. Прашање на макеоднското гласачко тело не е прашање на одредени структури кои логистички ќе даваат поддршка.

Уште една работа, господа, нам ни е јасно дека вие исто така имате структури подготвени да ви дадат логистичка подршка. Многу лошо звучи некој да ги напаѓа безбедносните сили на Република Макеоднија, доколку е така кажана, затоа што сите тие на некој начин се ставија во одбрана на македонската кауза, на пример за разлика, колку што имам сознанија, еден од телохранителите на г-динот Црвенковски, ако не се лажам е од Прилеп, едно високо момче, се говори дека е дезертер од македонската Армија. Ако грешам еве ќе се извинам однапред, а можеби не грешам, такви сознанија добив од моите колеги. Значи, додека некој става глава во торба другите парадираат, изигруваат македонски патриоти, говорам вербално. Реков, доколку е точно, а доколку не еве повторно јавно ќе се извинам, значи не тврдам дека е така, ми беше посочено од некои мои колеги затоа што паѓа во очи веднаш таа работа. Сакам да го кажам следното ако веќе и минатиот пат говоревме за македонското национално единство, ќе повторам уште еднаш, додека ние си ги вадиме очите, некој се сити. Да извлечеме поука, да престанеме да се колваме, можеме политички да се напаѓаме, другиот начин она што како омраза произлегува од некои луѓе, многу лошо изгледа на малите екрани. Затоа ќе апелирам да говориме конкретно за одредени проблеми, да престанеме да сееме омраза меѓу нас како политички партии, може и некои други структури ќе разговараат многу по нормално отколку ние што разговараме. Но, уште еднаш ќе се запрашам и тоа јавно кој е тој што го наметна семето на злото меѓу македонците? Говорам во поновиот период, не говорам за период што е зад нас кој воопшто не сакам ни да го спомнувам. Малку по свесно, по трезвено и да го заборавиме она што можеби некогаш било нанесено како неправда на одреден дел од македонскиот народ. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прво сакам да го парафразирам, бидејќи милува така да каже колегата Александар Флоровски алијас Александар Цветковски дека дефинитивно не се разбравме зашто така тврдеше од оваа говорница дека ВМРО гарантира дека избори без насилство во оваа држава ќе има. Избори без насилство во оваа држава ќе има, ама не заради тоа што Флоровски гарантира од оваа говорница и не заради тоа што така мисли, така се подготвува, така се однесува и така ќе настапува ВМРО-ДПМНЕ и во предизборниот период и за време на изборите.

Ние сме мала држава, во оваа држава се се знае не само кој што прави, не само кој што заговара, туку и кој што мисли и смислува.

Друго, не може овде од оваа говорница секој ден да излегуваме од премиерот до пред некој ден министерот за внатрешни работи, до сите пратеници или незнам високодостојници на ВМРО-ДПМНЕ со полна уста за макеоднско национално единство, иако не сум многу убеден дека знаат какво единство им треба на македонците денеска, а со секој изговорен збор сите останати да се квалификуваат како предавници, сите останати да се квалификуваат како сервилни затоа што наводно во имплементацијата на Охридската Спогодба, на мировниот план работеле заедно со Меѓународната заедница, а себе си да се прогласуваме за рамноправни партнери или за единствени патриоти, да не кажам за месии. Да беше тука министерот за внатрешни работи ќе го прашав откако последните три дена не во соработка и со договор, можеби по налог на Меународната заедница ги повлече полициските пунктови од Ратае и Жилче, што е сега тој, сеуште партнер или сервилен, како тие што ги нарекуваше досега дека се сервилни и дека се предавници. Какво македонско национално единство ако се излегува од оваа говорница, како последниот пат кога се обраќаше министерот од оваа говорница во која што токму припадниците на тие безбедносни сили - лавовите, цело време ги нарекуваше моите лавови. Какви мои лавови, каква одбрана на - Македонија ако лавовите биле само на министерот за внатрешни работи, а не на сите граѓани,

а не на цела Македонија. Како можеме да разговараме за македонско национално единство ако сите други ги правиме предавници, а себе си единствени патриоти и месии кои се испратени да го спасат овој народ од севкупното зло кога секој ден не сме подготвени да и погледаме на вистината во очи на тоа што и се случува на Македонија да погледаме каде оди Македонија и каде ќе отиде ако продолжи по овој пат заради тоа што голем број на зла не сполетаа од сите страни, се премолчува преку нив и се проголтуваат од ден на ден како незначителни зла. Вториот ден две, третиот три, серија на зла се додека еден ден големото зло што ја застрашува Македонија не не проголта сите наоди како може да се окривуваат сите останати што не мислат исто како нас да се клеветат дека некого сакале да го носат пред Хашкиот трибунал и т.н., кога самите создаваме атмосфера во која целата меѓународна заедница, ако ништо друго, има зошто да се посомнева во тоа што го работиме.

Денеска прв пат слушам дека поскоците биле дел од безбедносните сили на Република Македнија. Никој ни од оваа говорница ниту таа во Прилеп, еве синојка имаше трибина во Драмскиот театар и т.н. или било каде јавно не кажал ништо лошо, ништо против регуларните припадници единици на македнските безбедносни сили. Од каде сега се измислуваат тези за да може веднаш да развиеме антитеза и повторно да се делиме на протие што биле за безбедносните сили, на тие што ги омаловажувале, што ги класифицирале во животинско царство и т.н. Ако вака продолжиме, ако вака ја изврткуваме вистината, ако вака бараме рачки, колегата Жарко Караџоски извонредно добро го почитувам, меѓутоа, се нашол во таква позиција на заменик координатор на ВМРО-ДПМНЕ и жалам многу што е во таква ситуација да бара измислени рачки, ништо друго, да се избегне сериозната расправа за - проблемот пред кој нема граѓанин на Република Македонија кој не е загрижен и кој што бара пронтно решение, кој бара договор на сите нас овде ова зло што може да доведе до несогледливи последици и по сегашноста и по иднината на Република Македонија мора да се идентификува, да му се најдат извориштата и да се сосече во корен.

Ние со тоа денешно барање на колегата Караџоски ништо друго не правиме, туку бараме рачка како да ја избегнеме денешната расправа само заради тоа што сето тоа што беше искажано во досегашната расправа од страна на сите други пратеници не е ни блиску до тоа што сакаат да го кажат претставниците на владеачката партија или нивниот министер кој рече слободно можете да си одите иако искажавте поинакви мислења од оваа говорница надвор од салата никој за тоа нема да ве нападне, а всушност излезе на говорница на предизборен митинг да каже дека тој е испратен ...( господинот Стојановски го опоменува дека му изминало времето за реплика), завршувам, дека е испратен за да и ја донесе победата на ВМРО-ДПМНЕ.

Ние сме исправени пред заедничка задача да ја привршиме таа расправа и да се обидеме да донесеме заеднички заклучоци. Со вакви избегнувања да се продолжи расправата, ништо не правиме, ниту го одлагаме проблемот, ниту проблемот сам по себе ќе се реши. Дај Боже да сте вие во право кои тврдите дека тоа апсолутно не е точно, дај Боже да е тоа кошмарен сон, па само треба да се разбудиме од него и кога ќе се разбудиме ќе видиме дека во оваа држава владее и мир и ред и дека ни цветаат ружите и т.н.

Оваа седница бара сериозен пристап, а не изговори, како што дојдоа од колегата Караџоски, само за да не ја продолжиме расправата и само за да не ја приведеме до крај и само за да не преземеме заеднички чекори со кои на ова зло, како што реков уште на почетокот, треба да му се стави крај, инаку алот не ни се гледа. И ништо повеќе од тоа. - Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има колегата Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Колеги пратеници навистина ние не побаравме адвокати на г-динот Бранко Црвенковски да ни објаснуваат за она дали кажал вака или онака, нашиот став беше децидно јасен, ние го повикавме г-динот Бранко Црвенковски нека си објасни човекот.дали кажал така.како што кажал, ако кажал да се извини и кажавме дека не е нашата намера да не учествуваме во расправата, ние сакаме да учествуваме во расправата, но во овој момент откако г-динот Црвенковски ќе дојде на оваа седница, ќе каже што има да каже, ќе го образложи ако смета дека е виновен нека

се извини и ние продолжуваме со расправата.

Од тие причини јас побарав пауза еден час сметајќи дека г-динот Црвенковски ќе биде присутен сега. Ако г-динот Црвенковски е оправдано отсутен, можеби не е спорно, тогаш јас би предложил да ја прекинеме оваа седница, да овозможиме кога човекот е присутен, значи кога може да дојде тука, нека го изнесе ставот, откако ќе каже што има да каже, ако смета дека е одговорен нека се извини ние ќе учествуваме во расправата. ( Галама во салата).

Господине потпретседателе ако може да обезбедите мир во салата, еве јас повторно ќе го пренесам ставот, ги повикувам пратениците на ВМРО

-ДПМНЕ да ја напуштат салата од причините што ги кажав.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ја напуштаат салата).

(Господинот Ханџиски бара реплика)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема реплика, не сте спомнати...

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретбедателе...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да си одите на место.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Нема да си одам на место...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие не сте Бранко Црвенковски, Вие сте Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Мене ме прозва сега и барам реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Ве мол.ам да си одите.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Уклучете ги микрофоните. Ме спомна колегата Караџоски, вклучете ги микрофоните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам кога ќе Ви дадам збор тогаш. Вие сте професор на факултет и мора да почитувате правила. Одете си на место.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Уклучете ги микрофоните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам исклучете му ги микрофоните, а Вие господине Ханџиски одете си.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ти ќе си одиш од тоа место, ако се качам горе. Тоа место не си го добил од татко ти. Уклучете ги микрофоните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да си одите таму.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас ве молам многу културно...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поради насилие од господинот Ханџиски претставник на СДС, ја прекинувам седницата, дополнително ќе биде закажана.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ти тоа ако сакаше цело време еве ти се оствари желбата, ама нема бегање, пак ќе дојдеме тука.

(Седницата прекина со закани и раоправии, во 13,55 часот)